# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН

















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ГОЛЕМО ДОБРЕДОЈДЕ ЗА ПРВАЧИЊАТА ВО КАРПОШ

Започна новата учебна 2016/ 2017 година во училиштата во Република Македонија. Голем број на првачиња, за прв пат ќе зачекорат во училишните холови, и ќе седнат во училишните клупи. Традиционално основните училишта на територијата на Општина Карпош свечено ги пречекуваат своите нови ученичиња. Оваа година, честа да присуствува на свечениот дочек на првачињата градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски ја имаше ООУ ,, Владо Тасевски " во населбата Козле. Основците од ова училиште, со изведба на песна и танци, ги пречекаа првиот човек на локалната самоуправа Стевчо Јакимовски и претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски. Јакимовски истакна дека Владо Тасевски е едно од најмодерните училишта на територијата на локалната самоуправа, опремено со најсовремени инфраструктурни средства, преку кои учениците ќе може да учат, творат, да се развиваат и да се изградат во успешни личности.
-Се надевам дека од ова, или од некое друго училиште во Карпош, ќе произлезе некој нобеловец, архитект, успешен спортист, доктор, универзитетски професор или политичар. Ние како локална самоуправа, постојано вложуваме во училишната инфраструктура и во наставниот кадар, се со цел учениците во Општина Карпош да бидат најдобри ученици, нагласи Јакимовски.

Понатаму тој, упати порака и до родителите да ги научат своите деца, да ги почитуваат своите наставници, бидејќи како што истакна, голем дел од своето време децата во наредниот период ќе поминуваат со своите учители. Јакимовски потенцираше дека со изградбата на нов клон на градинката ,, Пролет" во Козле, и изградбата на нова градинка во населбата Бардовци, во 14 урбани заедници во Карпош, ќе бидат лоцирани 10 градинки, и со тоа максимално ќе се задоволат потребите на карпошани од овој вид на услуга со кој ќе им се обезбеди згрижување и едукација на најмалите жители на Општината.
Директорката на ООУ ,, Владо Тасевски" Елка Даскалова, им посака среќна и успешна училишна 2016/2017 година, на сите ученици, посакувајќи им добредојде на новите првачиња во нивниот ,, втор дом", училиштето Владо Тасевски.
-Секој пат им порачувам на родителите, да ги даруваат своите деца со голема и неизмерна љубов, бидејќи на тој начин, тие ќе можат поуспешно да се справуваат со нивните нови училишни обврски, полесно да го совладаат материјалот кој го учат, и да се изградат во етички силни и здрави морални личности.



# БЕСПЛАТНИ УЖИНКИ И ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО КАРПОШ

На педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана во амфитеатарот на Технолошко- металуршкиот факултет, советниците расправаа по четириесет и осум предлог точки.

Учениците од прво до четврто одделение од училиштата во Карпош, во новата учебна 2016/ 2017 година, ќе добијат бесплатни ужинки, додека учениците од прво до седмо одделение ќе добијат бесплатен излет во новата учебна година. Овие одлуки денес беа усвоени на седницата на Советот на локалната самоуправа.

На оваа седница беа изгласани заклучоците за усвојување на Годишните извештаи од работата на десетте основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош за учебната 2015/2016 година. Исто така беа усвоени и Годишните програми за работа на десетте основни училишта во Карпош за новата 2016/ 2017 учебна година. Советниците ги поддржаа и Мислењата за изведувањето на ученичките екскурзии и другите активности кои учениците треба да ги реализираат во новата учебна година во сите училишта кои се наоѓаат во Општина Карпош.На оваа седница едногласно помина и предлогот за доделување на финансиска помош за настраданите во подрачјата- општините во кои е прогласена кризна состојба на дел од територијата на Република Македонија, и на настраданите граѓани во Општина Карпош, заради зголемениот обем на врнежи на дожд на 06. 08. 2016 година. Талентираните спортисти и ученици и во наредната година со одлука на Советот на Општина Карпош ќе бидат стипендирани, како и ќе биде доделен курс по деловен англиски јазик на дипломирани студенти, кои се жители на Општината.



# ВИКЕНД ШОУ СО ТЕХНО БЕНДОТ АУТМАЈНД

Деветтото по ред Културно лето Карпош, полека завршува. Оваа претпоследна вечер од карпошовото лето, беше резервирана за техно рок забава. Музичкиот бенд „Аутмајнд“, на присутните љубопитни лица, им приреди вистинско петочно викенд уживање. Прекрасниот и моќен вокал на Калина Велковска, кој беше пропратен со членови на бендот, познатиот Игор Атанасоски-Харе и Жарко Пејковски-Ж’ба, ги разигра љубителите на техно и рок звукот. Овој петок беше почеток на еден релаксирачки викенд за карпошани. Утрешниот ден ќе го означи 15 дневното културно лето, кое беше исполнето со богата и интересна програма.



# „ХАРЕ И ГИШ“ ЗА УБАВ КРАЈ НА КУЛТУРНОТО ЛЕТО ВО КАРПОШ

Овогодинешното културно лето во Карпош заврши вечерва. Традиционално, како и претходните културни лета, така и ова изобилуваше со настани за сечиј вкус. Карпошани уживаа во музиката на нашата поп ѕвезда Елена Ристеска, која го отвори ,, Карпошовото културно лето“ , потоа се забавуваа со песните на Влатко Илиевски, етноинструменталниот концерт на маестралната Андријана Јаневска. Исто така музичката група ,, Темпера“ ги забавуваше љубителите на рок музиката. Ова лето, имаше и ликовен перформанс со изложба на уметнички дела, кои можеа да бидат купени по симболична цена, а приходите од продажбата беа наменети за настраданите во поплавата од 06.08.2016 година во скопскиот регион. Најголем музички настан ова културно лето беше концертот на поп-рок групата од Сараево ,, Хари Мата Хари“ , која на плоштадот ,, Делфина“ во населбата Влае, направи одлична забава на која најмногу играа и пееја средовечните ,, ЈУ- генерации“. Ова ,, Карпошово културно лето“ ги уважи и најмалите карпошани со дневна програма во која беше вклучена детска музичка програма, Арт работилница и претстава. Феноменална културна вечер приредија и фолклорните групи од соседна Бугарија и блиска Босна и Херцеговина, како и етно групите од Полска и Словачка. Секако тука беа и нашите АКУД ,, Мирче Ацев“ и ,, Етнос“ кои со своите ора и песни ја презентираа нашата изворна фолклорна традиција. Карпошовото културно лето заврши онака како што доликува: со културна димензија, без многу помпезност, со умереност и со многу позитивни вибрации меѓу присутните гости. Последната вечер Харе и Гиш во релаксирана атмосфера со изведба на странски нумери, комуницирајќи со публиката го затворија ова културно лето во Карпош, оставајќи слика, дека и наредното јубилејно десетто по ред културно лето, ќе го оправда веќе создадениот епитет за најголем културен бренд во Општина Карпош.



# ЈП ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ДЕМАНТИРА НО И ПОТВРДУВА ДЕКА ИНТЕРВЕНИРАЛЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Јавното претпријатије за јавни паркиралишта „Паркинзи на Општина Центар“, упати демант до Општина Карпош дека на 3 септември, во саботата собирале возила на територија на Општина Карпош. Општината му се заблагодарува на јавното претпријатие што и официјално потврди дека биле присутни на територијата на Општина Карпош и дека се обиделе да интервенираат , меѓутоа биле спречени од граѓани, жители на Карпош, поради нивната ненадлежност. Дополнителни вакви реакции имавме и од жители на улицата „Рузвелтова“, кај средношколскиот дом „Здравко Цветковски“, кој е на територија на Општина Карпош. Ние не тврдиме дека сте однеле возило во депото, туку според изјавите на самите жители на Карпош сте се обиделе да постапувате на туѓа територија, иако во Општина Карпош паркирањето е слободно, односно бесплатно, а згора е надвор од територијата каде што може да дејствува ЈП „ПОЦ“.

# ЕВРОПСКИТЕ АКВАРЕЛИСТИ ВО КАРПОШ

Крајот на Деветтото по ред Културно лето Карпош, не значеше и крај на културните активности на општината. Напротив, тој означи почеток на уште една традиционална културна манифестација. Седмиот по ред Акварелен симпозиум, организиран од Општина Карпош, веќе станува регионално познат чувар и негувач на оваа многу суптилна и рафинирана сликарска техника.

Симпозиумот официјално завршува на 9. Септември, а промоција на дел од создадените дела ќе биде организирана утре, 8. Септември, во 20 часот, во Салонот на Детскиот ликовен центар - Кинотека на Македонија.

Атрактивноста и оправданоста на неговото постоење, но и и привлечноста да се биде дел од симпозиумот, се потврдува и со фактот дека оваа година учествуваат сликари од десет земји, и тоа: Вернон Џонс (Vernon W. Jones) од Велс, Делфин Мане (Dhelphine Manet) од Франција, Анвил Јансен (Annewil Jansen) од Холандија, Викторија Титова од Русија, Андреја Вилераго (Andrea Vilerago) од Италија, Шерифе Карамуфоглу (Serife Karamuftuogly) од Турција, Клаудија Марушиќ (Klavdja Marusic) од Словенија, Селма и Красимир Тодорови од Бугарија и Хелидон Халити (Helidon Haliti) од Албанија, заедно со македонските сликари Пандора Апостолоска Саздовска, Маја Димитрова, Симонида Филипова Китанивска, Лидија Пачемска Џонс, Гоце и Владимир Илиевски и гостинот Милан Андов, создаваат многу богата колоритна слика на учесници, кои го направи Седмиот акварелен симпозиум на Општина Карпош, респектабилен културен настан кој по значење ги надминува границите на општината, градот и државата.

Изложбата од делата кои ќе произлезат од Седмиот акварелен симпозиум на Општина Карпош ќе биде дел од активностите по повод прославата на јубилејот 40 години од основањето на Општина Карпош, на почетокот на ноември годинава.



# ТРИУМФ НА УМЕТНОСТА

Завршницата на Седмиот акварелен симпозиум организиран од Општина Карпош, вчеравечер кулминираше со изложба на уметнички дела во Кинотеката на Македонија. На изложбените паноа од префинетите дела на 18 реномирани домашни и светски акварелисти од десет земји ширум светот, можеше да се почувствува колоритот од сензитивни нијанси, кои оставија неповторлив впечаток пред присутните.
Длабочината на пејсажите, експресивниот израз на акварелот и уметничката инсталација, како и истакнатите симетрични форми и апстракција, го отворија просторот, заситувајќи го љубопитното око на посетителите – љубители на оваа суптилна сликарска техника. Целосниот уметнички впечаток го заокружи музичкиот настап на солистката Калина Велковска и гитаристот Гуру Харе.

На вчерашната културна манифестација присуствуваше претседателот на комисијата за култура при Советот на Општина Карпош, Горан Михајлов, кој ја искористи таа пригода и на учесниците на Акварелниот симпозиум им додели благодарници за учество од страна на локалната самоуправа. Изложбата од делата кои произлегоа од Седмиот акварелен симпозиум на Општина Карпош, ќе биде дел од настаните кои ќе се организираат по повод прославата на јубилејот - 40 години од основањето на Општина Карпош, на почетокот на ноември годинава.



# БАРДОВЦИ ДОБИ НОВ МОДЕРЕН ПЛОШТАД

Населбата Бардовци во Општина Карпош доби нов, модерен плоштад. Градоначалникот на Општината, Стевчо Јакимовски задоволен од реализацијата на овој инфраструктурен проект, вечерва се обрати пред присутните Бардовчани.

- Овој плоштад го изградивме за потребите на граѓаните на урбаната заедница Бардовци. Истиот чини околу 20 милиони денари, и се состои од фонтана, детско игралиште и осветлување. Со овој плоштад, жителите на населбата Бардовци, ќе може да се релаксираат преку ден, но исто така и да прошетаат навечер. Најмалите карпошани од ова населено место ќе може да се рекреираат и да си играат во детстката игралиште, нагласи Јакимовски.

Првиот човек на локалната самоуправа, најави дека на 26.09.2016 година, ќе се отвори тендерската постапка за изградба на нова градинка во составот на ООУ,, Аврам Писевски", а неколку дена подоцна, исто така ќе се отвори тендерска постапка за асфалтирање и поправка на околу 26 помали улички во месната заедница Бардовци.

-Со ова, практично населбата Бардовци, ќе ги има сите потребни инфраструктурни услови, како и преостанатите населби на територијата на Општина Карпош, како што се нови и модерни училишта и градинки, плоштад, атмосферска и фекална канализација, асфалтирани улици, и со тоа Бардовци ќе ги задоволува сите потребни услови за домување и живеење, особено што е позната како населба во која граѓаните се доселуваат, потенцираше општинскиот татко Стевчо Јакимовски.

Своe обраќање до Бардовчани, во име на Советот на локалната самоуправа имаше и претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски, кој истакна дека жителите на оваа населба, се здобиле со еден од најмодерните плоштади во Општина Карпош, кој ќе може да го употребуваат како катче за одмор, рекреација , како и за дневни и вечерни седенки а Карпош станува се попосакувано место на живеење.



# ЗАПОЧНА ОДБОЈКАРСКИОТ ТУРНИР НА ПЕСОК

Денеска започна одбојкарскиот турнир, на кој ќе се натпреваруваат одбојкарки од десетте основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош. На песочното игралиште, кое се наоѓа во составот на СРЦ ,, Никола Карев“, основките- одбојкарки од Карпош, три дена  во неизвесни натпревари , спортски ќе се ,, надмудруваат“. Во среда одбојкарките од основните учишта Владо Тасевски и Лазо Трповски, во првиот  полуфинален, и одбојкарките од Петар Поп Арсов и Јан Амос Коменски, во вториот полуфинален натпревар, ќе ги одмерат силите, и ќе се натпреваруваат за влез во големото финале, кое ќе се одигра на 19.09.2016 година, со почеток од 12:00 часот.



# ФУДБАЛСКИ ТУРНИР НА ПЕСОК ВО КАРПОШ

Девет основни училишта од територијата на Општина Карпош со своите тимови денес го означија почетокот на фудбалскиот турнир на песок, кој се одржува на песочното игралиште на Кејот на реката Вардар.

По разигрувањето што се одржа денес, односно по првите дуели, екипите од училишта „Јан Амос Коменски“ и „Лазо Трповски“, во петок, ќе го одиграат првиот полуфинален натпревар. Победникот од тој полуфинален натпревар, ќе игра во големото финале во вторник.

Што се однесува до вториот полуфинален натпревар по денешните одиграни натпревари, познато е дека основците од ООУ ,,Аврам Писевски“, ќе играат со победникот од дуелот меѓу фудбалерите од основните училишта „Братство“ и „Војдан Чернодрински“.

Престижното финале, ќе се одигра на 20.09.2016 (вторник), со почеток од 12.00 часот. Истиот ден, ќе биде и дуелот за третото место.



# ЛИКОВНА ИНСПИРАЦИЈА НА ПАДИНИТЕ НА ВОДНО

Започна десеттата по ред Меѓународна детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон" во Општина Карпош, која заедно со Детскиот ликовен центар се организатори на оваа традиционална манифестација. Овој пат, учениците од десетте основни училишта заедно со своите врсници од збратимени општини, ја пренесоа на платно својата инспирација од преубавиот комплекс „Македонско село" пренесувајќи детали од околните историски и традиционални куќи. Помошник раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес, Гордана Стојчевска Зафировска ја поздрави оваа долгогодишна манифестација која е плод на пријателство и одлична соработка со збратимените општини во делот на културата и уметноста.

-Оваа година, мотивите на учениците од нашите десет основни училишта и гостите од збратимените општини се црпат од неодамна отворениот објект, таканареченото „Македонско село". Децата од збратимените општини, со задоволство ја прифаќаат оваа наша манифестација и се дружат и сликаат, разменуваат искуства и го унапредуваат своето знаење во областа на ликовната уметност – рече Зафировска.

Ликовниот педагог во Детскиот ликовен центар, професорот Харалампие Манчев истакна дека од година во година, учеството на оваа манифестација е се поголемо, а квалитетот во поглед на ликовните творби на младите во сите техники, е се подобар.

На овогодинешната ликовна колонија, учествуваат 30 ученици, заедно со нивните ментори од основните училишта на територија на Општина Карпош и ученици од збратимените општини и тоа: Општина Триадица-Софија, Општина Тиват-Црна Гора, Општина Травник-Босна и Херцеговина и од Општина Нови Београд-Србија. Манифестацијата ќе трае до утре (сабота, 17.09.2016 година), кога ликовните дела ќе бидат изложени во просториите на Детскиот ликовен центар во Општина Карпош и на учесниците ќе им бидат доделени благодарници како награда за нивното учество на десеттата детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон".



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА ОРЦЕ НИКОЛОВ

Градежните активности во Општина Карпош се одвиваат со динамичен континуитет. Така, денеска започна асфалтирањето на сливната улица Орце Николов која се пробива на потегот од ул. Рузвелтова до ул. Никола Тесла. Широчината на новореконструираниот коловоз изнесува девет метри и се протега во должината од 430 метри.

Инфраструктурниот зафат се одвиваше во една фаза, гребење и асфалтирање, со корекција на шахти и сливници. Изведувач на градежните работи е фирмата „Ескаватори“ а Општина Карпош за оваа капитална инвестиција од својот буџет издвои околу 4.000.000 денари.



# БЛАГОДАРНИЦИ ЗА НАЈУСПЕШНИТЕ

Со доделување на благодарници на менторите, учесниците и организаторите за организација на настанот, денеска заврши Меѓународната детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон". Во „Кинотека" во Лептокарија, ликовниот педагог Илија Богоевски, од Детскиот ликовен центар, изрази големо задоволство од изработените ликовни дела, и напомена дека истите се создадени од ликовниот талент на учениците, под менторство на своите учители-ментори. Посебна благодарница му беше доделена на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, за организацијата на овој настан, како и на претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски. Помошник раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес, Гордана Стојчевска Зафировска им додели благодарници на менторите, за, како што истакна, нивната улога во создавањето на уметничките дела

-Без „будното око" на менторите, учениците таленти не ќе можеа да создадат вакви прекрасни дела. Своето искуство и знаење овие ликовни учители им го пренесуваат на младите уметници, со цел тие еден ден да постанат врвни ликовни мајстори, потенцираше Зафировска.

Раководителот на Одделението за култура и спорт, Патрик Поповски, им подели благодарници и на учениците, како најзаслужни чинители во оваа јубилејна, десетта по ред Меѓународна детска ликовна колонија.



# ВЛАДО ТАСЕВСКИ ПРВАЦИ ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК

Денеска се одигра големото финале во одбојкарскиот турнир на песок. Во СРЦ ,,Никола Карев“ одбојкарките на ООУ „Владо Тасевски“, во еден до крај неизвесен и возбудлив натпревар ги победија основките од ООУ „ Јан Амос Коменски“ со резултат од 2-1 во сетови. За ,,бронзата“ се натпреваруваа одбојкарките од Петар Поп Арсов, кои со резултат од 2-0 во сетови, ги победија одбојкарките од училиштето Лазо Трповски, и го освоија третото место. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, свечено ги доделуваше пехарите на трите победнички одбојкарски екипи од основните училишта на територијата на Општината. Раководителот на одделението за култура и спорт од Општина Карпош, Патрик Поповски, истакна дека ова е трета година по ред, како се одржува овој одбојкарски турнир на песок, и дека истиот поминал во најдобар можен ред.

-Турнирот траеше речиси седум дена, и еве да изразам задоволство од прикажаното на истиот, и да им честитам на победничките од Владо Тасевски. Од тоа што можевме да го проследиме на овој турнир, известно е дека оваа година не очекува интересна и изедначена одбојкарска лига, нагласи Поповски.



# ОПШТИНА КАРПОШ-ВТОРО МЕСТО ВО СОБИРАЊЕ ПЛАСТИЧЕН ОТПАД

Основните училишта од Општина Карпош, „Владо Тасевски“ и „Јан Амос Коменски“, го делат првото место во собирање на пластични ПЕТ шишиња. Веднаш по нив, второто место заслужено им припрадна на совесните ученици од ООУ „Вера Циривири Трена“, за собран отпад. Оваа еколошка акција, која е во организација на „Пакомак“, на ниво на Град Скопје, се спроведува веќе четврта година. Целта на проектот е одржување на хигиената во околината како и едуцирана младина, односно што значи рециклиеање на пластичните шишиња и колку е тоа важно за животната средина.

Основните училишта од Општина Карпош, секоја година обрнуваат внимание на хигиената во своето училиште и секој ученик има за задача да понесе што поголем број пластични шишиња, кои ги складираат во посебен контејнер, дониран од „Пакомак“. Награда за првото место во училиштата, во секоја општина одделно, добива 25.000 денари кои ќе се искористат за потребите на училиштето. За прв пат оваа година, второнаградените училишта добиваат рампа за паркирање велосипеди, кои ќе бидат поставени во училишните дворови. Училиштата во Општина Карпош, по Општина Аеродром, се втори во собирање пластичен отпад. Оваа година основните училишта во Карпош собрале отпад од 6.200 кг, и се наоѓаат на второ место на ниво на Град Скопје, веднаш по Општина Аеродром. Преку активностите на „Пакомак“, Карпош собра 204.000 пластични шишиња.

„Пакомак“, ја продолжува акцијата и оваа година и доделува скромна награда, маички, со логото и мотото на еко акцијата, за најуспешните три ученика од секое добитно училиште, во знак на мотивација и поттик за понатамошна еко акција за добро на животната средина.



# ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ-
# ДЕЛ ОД „ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ“

Ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош, минатиов викенд беа активни учесници на настанот „Биди умен и кога возиш и кога шеташ“, кој се одржа во паркот „Македонија 2“. Едукативната работилница ја организираше Град Скопје со поддршка на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот. Оваа активност која е дел од проектот „Европска недела на мобилност“, има за цел преку едукативни предавања да го прошири знаењето на младите велосипедисти и пешаци, за побезбедно управување со велосипед и движење низ сообраќајот.

Веќе в четврток (22.09.2016), Општина Карпош директно ќе се вклучи кон „Европската недела на мобилност“, организирајќи свој настан, во чии рамки вработените од Општината и училиштата со своите велосипеди ќе испратат порака за предноста од користење на алтернативните видови на транспорт.





# НОВИ ЛИЦЕНЦИРАНИ СПАСУВАЧИ ОД КАРПОШ

Седум вработени од Општина Карпош се здобија со лиценци за спасители на отворени води, а четворица се стекнаа со сертификати за противпожарна заштита.

Петта година по ред вработени од Општината, одат на обука за заштита и спасување во Струга. Меѓународно лиценцирани инструктори од Црвен крст шест дена (12.09-17-09.2016) ги обучуваа вработените за совладувања на следниве вештини: пливање, нуркање, давање прва помош, возење чамец, извлекување на давеник и др.
Администртивците на Карпош успешно ги минаа овие вештини и во секое време се подготвени да ги применат во рамки  на Единицата за заштита и спасување во вонредни пригоди.



# АВРАМ ПИСЕВСКИ ФУДБАЛСКИ ПРВАЦИ НА ПЕСОК

Основците од ООУ „Аврам Писевски“ се победници и на овогодинешниот фудбалски турнир на песок. На игралиштето на Кејот на реката Вардар, учениците од ова училиште ги победија своите врсници од ООУ „Јан Амос Коменски“ со резултат 3:1.

За третото место се натпреваруваа младите фудбалери од ООУ „Лазо Трповски“, кои преку изведување на пенали, ги победија учениците од училиштето ООУ „Братсво“ со 3:1. Во регуларниот дел од натпреварот, резултатот беше изедначен 0:0. Раководителот на Одделението за култура и спорт при Општина Карпош, Патрик Поповски, свечено ги додели пехарите на победничките три екипи во овој турнир, на кој учествуваа ученици од сите десет основни училишта на територијата на локалната самоуправа .



# СТАРТ НА УЧИЛИШНИТЕ ЛИГИ ВО КАРПОШ-2016

Во вистинска навивачка атмосфера и веќе подготвени за нови спортски предизвици и резултати, денеска, официјално беа отворени спортските училишни лиги во Општина Карпош за учебната 2016/2017 година. Учениците-спортисти ќе си ги одмерат силите во одбојка, фудбал, кошарка, шах, а оваа година за прв пат ќе се игра и ракомет. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски во својот поздравен говор дополнително ги „загреа" спортистите со потсетување на наградите кои победниците ќе ги добијат, како и добивките со коишто ќе се здобијат со постигнувањата во спортските лиги.

-Среќни сме што вложените средства во спортот се враќаат назад со освоени први места од страна на училиштата и тоа на државно ниво. Ние сме општина која најмногу издвојува од буџетот за спорт, се со цел младите луѓе да ги навикнеме да спортуваат и од нив да излезе некој талент кој во иднина ќе ги брани боите на својата земја. Изминатите години сите првопласирани и второпласирани беа наградени со патики, тренерки и севкупно со спортска опрема, како и со парична награда, а исто така беа наградени и со седумневен одмор во Тиват. Оваа година наградата останува со тоа што оваа година седумдневниот одмор ќе биде во Грција. Ова го правиме со цел што повеќе да ги стимулираме младите луѓе да спортуваат и да знаат дека Општината стои зад нив, а тие да редат спортски успеси – рече Јакимовски.

Ова е последна година кога спортските училишни лиги ќе се играат на туѓи спортски терени, бидејќи Јакимовски најави изградба на нова спортска сала во рамките на ООУ „Лазо Трповски“, во која ќе се играат и натпревари на спортски клубови кои се наоѓаат на територија на Општина Карпош. Во состав на спортската сала, првиот човек на Општината, најави и базен за потребите на учениците од прво до деветто одделение во рамките на часовите по физичко воспитување.



# ПАРКОВИТЕ СЕ НА БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА КАРПОШ

На чие барање се парковите во Карпош беше новинарското прашање за првиот човек на локалната самоуправа кој рече дека во Општина Карпош нема ниту едно исечено дрво , напротив, постојните се сочувани, и се засадени нови, и дека на барање на граѓаните , Општина Карпош гради паркови и плоштади на места кои и пред тоа биле шеталишта.

-Изградивме плоштади на платото кај ,, Педагошка" и на ,, Млечен Ресторан". Исто така изградивме прекрасен плоштад ,, Делфина" во Влае 2, и штотуку го отворивме плоштадот во населеното место Бардовци. Со тоа граѓаните на Општината ќе имаат рекреативни катчиња, и во еден амбиент искомбиниран со зеленило, фонтани и детски игралишта, ќе можат да се релаксираат и да се рекреираат во попладневните и вечерните часови, појасни општинскиот татко Стевчо Јакимовски.

На коментарот за тоа дали се приоритет парковите или канализацијата во Општина Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски, изјави дека во изминативе седум години, Општина Карпош изградила 30 километарска фекална и атмосферска канализациона мрежа, со што Карпош е општина која има изградено фекална канализација повеќе од сите други девет скопски општини заедно.

-Реконструирани се сите четири градинки во Општина Карпош, градинката ,, Орце Николов" во Карпош 4 и Карпош 3, објавен е тендер за реконструкција на градинката во Тафталиџе 1, и веќе е распишан тендерот за изградба на нова градинка во населбата Бардовци, со што најмалите карпошани, ќе ги имаат сите инфраструктурни предуслови, со кои ќе може уште од најмала возраст да се едуцираат и воспитуваат, изјави Јакимовски.

# КАРПОШ НА ВЕЛОСИПЕД

Под мотото ,,Биди умен, и кога возиш, и кога шеташ“, административците од Општина Карпош се приклучија на Европската недела за мобилност. По тој повод градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски даде изјава за медиумите.

-И ние како локална самоуправа се приклучуваме на овој Меѓународен ден на кој се вози без автомобили, со цел да ја подигнеме еколошката свест кај граѓаните на Општина Карпош, и свеста за важноста од зачувување на животната средина. Со вработените од Општина Карпош бевме договорени да дојдеме сите на работа пеш или со велосипеди, но само 30% го испочитуваа претходно договореното. Заради тоа, административците на Општината секој месец, еден ден ќе доаѓаат на работа со алтернативно превозно средство, наместо со автомобил . Ги повикувам и сите граѓани на Општината да одат пеш на работа или со велосипед , и на тој начин преку максимата ,,Мисли глобално, дејствувај локално“, да дадат директен придонес во заштитата на животната околина, прецизираше првиот човек на Карпош Стевчо Јакимовски.

-Вработените административци од Општина Карпош, предводени од градоначалникот Јакимовски со своите велосипеди, упатувајќи се преку ул. Карпошово востание, низ ул. Бледски договор, движејќи се по бул. 8 Септември и улицата Јуриј Гагарин, ја завршија својата маршрута кај споменикот на Кузман Јосифовски – Питу, во населбата Козле. На овој начин карпошовата администрација испраќа порака за предноста од користење на алтернативните видови на транспорт.



# НОВ АСФАЛТ ЗА УЛИЦАТА РИСТО РАВАНОВСКИ ВО КАРПОШ

Општина Карпош, со забрзано темпо работи на реконстурукција на неколку улици на нејзина територија. Така, денеска нов асфалт ќе добие улицата „Ристо Равановски" која се наоѓа во урбаната заедница „Владо Тасевски". Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски при својата обиколка на улиците, за медиумите презентираше подетални информации околу градежните активности кои се во тек.

-Оваа улица чиј коловоз се асфалтира е во должина од 250 метри, а во исто време се реконструираа и рабниците и тротоарите на истата. Токму на оваа улица, се поставуваат интернет врските и други оптички кабли кои се инсталираат под земја, се со цел за во иднина да нема прекопи од страна на ЕВН или други оператори.

Покрај оваа улица, наскоро ќе се асфалтира и улицата „Рампо Левката" кадешто направивме и фекална канализација – рече Јакимовски кој најави и решавање на проблемот со паркирањето на ова место, бидејќи поголем дел од несовесните граѓани се оние кои живеат или работат во Општина Центар.

Овој проект, локалната самоуправа ја чини околу 1 милион и 300 илјади денари.



# ГОЛЕМА ЕКО АКЦИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ СО „НУЛА ОТПАД“

Во соработка со лиценцираната непрофитна организација ,, Нула Отпад“, Општина Карпош ќе организира голема есенска еколошка акција за собирање на електронски и електричен отпад на територијата на локалната самоуправа. По тој повод градоначалникот на Општината Стевчо Јакимовски даде изјава за медиумите.

-Заедно со оваа непрофитна организација, иницираме еко акција, со која граѓаните на Општина Карпош ќе може да се ослободат од непотребниот електронски отпад кој го чуваат во своите домаќинства. Се работи за најразличен елетричен и електронски отпад, како што се електричните шпорети, расипани компјутери, машини за перење, фрижидери итн., односно апарати кои се опасни по животната средина. Нашата цел е истиот отпад, да биде соодветно депониран, и да не претставува директен загрозувач на животната средина, и со тоа практично да придонесеме за зачувување на околината во нашата Општина, појасни првиот човек на Карпош, Стевчо Јакимовски.

Директорот на „Нула Отпад“ Марјанчо Дамевски, потенцираше дека оваа еко акција која ќе трае подолгорочно, во соработка со Општина Карпош ќе се одвива ударно три дена, односно на 28, 29 и 30 септември ( среда, четврток и петок) , каде што граѓаните од сите 14 урбани заедници кои се наоѓаат на територијата на Карпош, ќе можат да ги достават своите дотраени и неупотребливи електронски апарати.

Предметите кои се помали, односно се со помала зафатнина, граѓаните ќе можат да ги достават директно до секретарите на урбаните заедници, додека тие кои се потешки и поголеми, со наш сопствен превоз , ќе бидат дислоцирани од домовите на граѓаните. Целта ни е сите граѓани и тие кои се постари, односно кои не се во добра здравствена кондиција и не можат сами да ги достават, да можат да учествуваат во оваа акција, и да се ослободат од непотребните предмети. Со оваа акција придонесуваме за заштита на животната средина, овој пат во Општина Карпош, истакна Дамевски.



# ЖДАНЕЦ СО НОВИ СКАЛИ И НОВ ПЛОШТАД

По инфраструктурното комплетира е на улиците и тротоарите во населбата Жданец, во финална фаза е и изградбата на плоштадот, и целосното реконструирање на скалите кои водат од улицата Козле кон населбата. По тој повод градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски даде изјава за медиумите.

-Покрај реконструкцијата на скалите, ќе бидат поставени бетонски жардиниери со цвеќиња, урбана опрема која ќе се состои од пет корпи за отпадоци и пет клупи, ново осветлување и истите ќе бидат хортикултурно уредени. Освен реновирањето на скалите, истовремено градиме мал плоштад, на кој ќе биде поставена интересна урбана опрема, изработена од архитектот Игор Василевски. На плоштадот ќе бидат поставени клупи во вид на штипка, стилизирани моливи високи шест метри, две спицијално изработени светилки, пано за графити и локери за велосипеди, појасни првиот човек на Карпош Стевчо Јакимовски.

-Општинскиот татко Јакимовски, нагласи дека ова идејно решение, во конкуренција од преку 2400 проекти, е одбрано во првите сто идејни решенија на меѓународен натпревар.

-Ова е само уште еден показател за квалитетот на идејното решение, преку кое граѓаните на населбата Жданец, ќе може да се рекреираат и да уживаат преку ден, како и во ноќните часови, и истото да претставува урбанистичка гордост на самата населба, нагласи Јакимовски.

Јакимовски истакна дека реконструкцијата на скалите со сите елементи на реконструирачкиот зафат ( поставување на корпи, клупи, жардиниери и хидрантска мрежа), ќе чини околу три милиони денари, додека изградбата на плоштадот ќе чини пет милиони денари, односно целиот овој проект ќе чини осум милиони денари, издвоени од буџетот на локалната самоуправа.

- По асфалтирањето и реконструкцијата на сите улички и тротоари во оваа населба, ова е последниот проект, со кој граѓаните на Жданец, ќе добијат инфраструктурно модерна населба, и практично сите потреби на жителите од локален карактер ќе бидат задоволени. Очекувам до големиот празник ,, 11 октомври", плоштадот и скалите и официјално да бидат пуштени во употреба, и жителите на Жданец да може да ги користат нивните бенефити, изјави првиот човек на Општината.



## ОТЧЕТ НА СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

На педесет и петтата седница на советот на Општина Карпош, на дневен ред пред советниците се најдоа советничките прашања кои ги поставуваа до градоначалникот и до општинската администрација.

Одговарајќи на прашањата поставени од советниците, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јкимовски детално ги образложи веќе реализираните и проектите кои во моментот се работат на територијата на локалната самоуправа.

Првиот човек на Карпош, елаборираше за сите преземени инфраструктурни зафати во Општината поединечно, по урбани заедници, а патем ги наведе и предвидените проекти за во идниот период.

Советниците на оваа седница, расправаа по дваесет и шест предлог точки од непосредно значење за граѓаните. На седницата, се усвоија заклучоците за годишните извештаи од работењето на четири градинки кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа. Исто така, советниците одобрија дополнителни средства за реконструкција на фасади на колективни станбени згради, а "виза" добија и стипендиите кои Општината ги дава за талентирани ученици и врвни спортисти од училиштата во Карпош. Членовите на Советот на Карпош ги разгледуваа барањата за реконструкција на лифтовите во неколку колективни станбени згради, и во конструктивна расправа, дебатираа како да се реши овој проблем на засегнатите граѓани.



# МАВРОВСКА ИНФО-ТУРА

На покана од менаџерката од IME (Increasing Market Employability) -Елена Иванова, овој вторник, претставници од Општина Карпош оствариja работна посета на излетничкото место Бунец – Маврово. Директорките и дел од наставниот кадар од општинските основни училишта во Карпош, во придружба со раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес – м-р Анета Марковска - Илиевска и претставник од одделението за образование, одблизу се запознаа со убавините кои ги нуди мавровската природа.

Во рамки на оваа посета „гостите" од Карпош зачекорија по „Патеката на Петко и шумските животни", а подоцна гостите беа и во обиколка на пештерата „Шаркова Дупка". Овие две места се адаптирани за посета на деца од 6-12 годишна возраст, кои ќе бидат придружувани од обучени водичи во планина според UIMLA стандарди.

Инфо- турата во Бунец беше организирана со цел,  да ги запознае своите гости со сите детали од понудата која ги нуди мавровскиот крај. Директорките и наставниот кадар од основните училишта во Карпош се согласија, оваа дестинација да стане дел од идните програмски излети и училишни екскурзии.

Инаку, Програмата за зголемување на пазарната вработливост (IME), помага во креирањето на работни места и зголемување на приходите на невработените и недоволно ангажираните жени и мажи во Македонија, со посебен фокус на младите. Секторот за Туризам и Угостителство, кој функционира во состав на (IME),  е фокусиран на  три туристички дестинации во Македонија - Охрид, Маврово и Крушево. Целта на оваа организација е да помогне во искористувањето на целокупниот потенцијал на историското, природното и културното наследство преку методологијата за соработка во управувањето со дестинациите на Универзитетот „Ст. Гален".



# „ЛЕТЕЧКИ ТРОФЕЈ“ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ЛАЗО ТРПОВСКИ

Ученици од ООУ ,,Лазо Трповски“ освоија награда на Меѓународниот училишен натпревар за воздушен и вселенски сообраќај 2016, кој оваа година се одржа во Берлин, Сојузна Република Германија. Овој заеднички проект е изготвен од четириесет ученици, кои учат во 3а, 4а и 4б одделение во ова училиште. Проектот ,,Патуваме во вселената“ беше координиран од наставничкиот тим, составен од шест наставници - ментори: Оливера Мациоска, Александра Неделковска-Петровска, Розета Сугарева, Јагода Ололовска, Олгица Каскаревска и Стефан Симовски. Проект-решението на учениците од ова училиште кое се наоѓа на територијата на Општина Карпош, беше избрано во првите десет најдобри проекти во оваа област. Основците за својот пласман, освен соодветни дипломи, добија како награда и трофеј, т.е автентичен модел на патнички авион Ербас Белуга, во размер 1:200.

Овој меѓународен натпревар е организиран од страна на Сојузното германско здружение за воздушна и вселенска индустрија од Берлин, во соработка со сојузните министерства за економија и енергија, како и за образование и истражување на Германија, Луфтханза Техник АД и концернот ЕАДС. Во името на деветчленото жири, кое го оцени овој проект на учениците од Лазо Трповски како еден од десетте најуспешни, се обрати раководителот на натпреварот Тим. Е. Бранд кој меѓу другото истакна:
-Наградени сте затоа што вашиот проект е фантастичен, затоа што се забавувавте додека го работевте, и затоа што сте одлични тимски играчи. Вашата награда е „летечки трофеј“ за целото одделение, и ова е диплома за секој од Вас. Се надевам дека учеството на натпревари, ви беше толку забавно, како што му беше и на стручното жири, кога го оценуваше вашиот проект, истакна Бранд.

Ова училиште од Карпош, традиционално учествува на меѓународни натпревари, на кои бележи успеси, поради што Општина Карпош се вбројува меѓу првите локални самоуправи во Република Македонија по освоени награди и успеси на ученици во основното образование.



# ЗАПОЧНА „БИЗНИС БАСКЕТ ЛИГАТА“ ВО КАРПОШ

Директните дуели помеѓу „Капитал банка“ со Систина“ и „Уника осигурување“ со Мулти магнат“, кои се одиграа вчеравечер во училишната сала на СУГС „Орце Николов“, го означија официјалниот старт на ,,Бизнис Баскет лигата'' 2016/17 во Карпош. Втора година по ред, Општина Карпош во соработка со С.Ц ,, Форца'' учествуваат во организација на овој спортски настан.

Оваа година, во аматерското кошаркарско натпреварување ќе учествуваат десет пријавени екипи, кои ќе играат меѓусебно во есенски и пролетен дел. На официјалното отворање присуствуваше и претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски, кој истакна дека за ова натпреварување има се поголем интерес за учество на екипни тимови и спонзори кои сакаат финансиски да го поддржат ова натпреварување.

-Предвидени се награди за првопласираните три екипи. Победниците ќе патуваат во Грција, второпласираните во соседна Бугарија, додека третите на финалната табела, ќе имаат можност бесплатно да ја користат спортската сала во ,, Форца''. Морам да напоменам дека Општина Карпош е локална самоуправа која е на прво место во Република Македонија во поддршка на спортот и спортските активности, за кое, доказ се и резултатите на натпреварувачите од нашата Општина. Лично се надевам , дека оваа лига ќе прерасне во традиционално натпреварување, и ќе се издигне на едно повисоко професионално ниво, со што кошарката во Општина Карпош, ќе бележи поголеми успеси - нагласи Лазаровски.

-По разигрувањето во есенскиот и пролетниот дел од лигата, следуваат четвртфинални и полуфинални натпревари, како и големо финале, по кои ќе бидат познати победниците, и конечниот редослед на табелата.



## КАРПОШАНИ ЕМ УМЕАТ, ЕМ МОЖАТ

Во организација на Општина Карпош, утре, сабота (01.10.2016) со почеток во 12.00 часот, пред платото на Skopje City Mall ќе започне традиционалната манифестација „Ем умеам, ем можам“. Веќе по 14-ти пат со поддршка на локалната самоуправа, ќе се постават 40 штандови, на кои ќе бидат изложени производите на 15 домашни занаетчии, како и артиклите на 25 реномирани македонски производители.
Што се однесува до културниот блок, напладне ќе започне детската програма со многу музика и танци, во изведба на дечињата од градинките и основните училишта од Општина Карпош.
Забавата за повозрасните, започнува во 18.30 часот со концерт на популарната македонска поп- група „Нокаут“, кои ќе бидат одлична најава за мегаконцертот на хрватската поп ѕвезда, Данијела Мартиновиќ кој ќе започне во 20.30 часот.
Бидете и Вие дел од добрата забава. Понесете ја со себе својата насмевка и доброто расположение. Секако, влезот е слободен.

